**Видео 7: Спроведување на постапка за Оцена на влијанието врз животната средина и учество на јавноста**
**Февруари 2023 година**

Во ова видео ќе се запознаеме со “постапката за Оцена на влијанието врз животната средина и учество на јавноста”
Зголемете ја заштитата на животната средина преку вклучување во процесот на процена на влијанијата кои одреден проект или дејност ќе ги предизвика врз животната средина

- Владата на Република Северна Македонија, ги определува проектите за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на влијанието врз животната средина и ги определува критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување постапка за оцена на влијанието врз животната средина, за други, генерално определени проекти, кои би можеле да имаат значително влијание врз животната средина.

На пример оцена на влијанијата врз животната средина задолжително се спроведува за поставување далеководи и други електроенергетски објекти со 110 kV или повисоко напонско ниво и со должина повеќе од 15 km, термо-електрични централи и други инсталации за согорување, со топлински капацитет од 200 MW или повеќе, инсталации за депонирање на отпад, за горење, согорување и физички и хемиски третман, инсталации за производство на цемент итн.

Оценувањето дали генерално определените проекти имаат значително влијание врз животната средина се врши според:

карактеристиките на проектот како што се неговата големина, техничко технолошкиот концепт, користењето на природните богатства и друго.
локацијата на проектот со опкружувањето
можните значителни влијанија на проектот врз животната средина
опсегот на влијанието (големината на засегнатото географско подрачје и на засегнатото население),
влијанието во прекуграничен контекст,
обем и комплексноста на влијанието,
веројатноста од влијание, и/или
времетраењето, зачестеност и реверзибилноста на влијанието

Секое правно и физичко лице кое има намера да спроведува проект за кој постои веројатност дека треба да се спроведе оцена на влијанието врз животната средина е должно, до Министерството за животна средина и просторно планирање, да поднесе известување за намерата за спроведување на проектот, како и негово мислење за потребата од оцена на влијанието на проектот врз животната средина.

Министерството го објавува известувањето за намера на начин определен во посебниот член од Законот за животната средина.
Министерството за животна средина и просторно планирање со решение го известува инвеститорот за потребата од оцена на влијанието на проектот врз животната средина.

Проектот “Граѓанските организации во акција за климатските промени” е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.

Врз основа на известувањето, инвеститорот поднесува барање за определување на обемот на оценaта на влијанието на проектот врз животната средина.
Против ова решение, инвеститорот, засегнатите правни или физички лица, како и здруженијата на граѓани формирани за заштита и за унапредување на животната средина, можат да поднесат жалба до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, во рок од осум дена од денот на објавувањето на решението.
Определување на обемот на оценaта на влијанието на проектот врз животната средина.

Врз основа на барањето за определување на обемот на оценaта на влијанието на проектот врз животната средина и видот на проектот, Министерството за животна средина и просторно планирање го определува обемот на студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина.
Мислењето за обемот на студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина се објавува во рок од пет дена од денот на донесувањето.

Инвеститорот е должен да ја подготви студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина потребна за спроведување на постапката за оцена на влијанието на проектот врз животната средина
Во рок од пет работни дена од денот на приемот на студијата, односно комплетирањето, Министерството за животна средина и просторно планирање ја објавува студијата и ја доставува за консултации до општината или градот Скопје на чиешто подрачје треба да се спроведува проектот.
Содржина на студијата за оцена на влијанието врз животната средина.

Содржината на барањата што треба да ги исполнува студијата за оцена на влијанието врз животната средина ја пропишува Министерот за животна средина и просторно планирање.

Извештајот за соодветноста на студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина, го изготвува Министерството за животна средина и просторно планирање
Изготвувањето на овој извештај, се врши врз основа на студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина, како и врз основа на мислењата доставени во врска со студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина.
Со извештајот, се утврдува дали студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина ги задоволува барањата пропишани со Законот за животната средина и ги предлага условите кои треба да се утврдат со дозволата за спроведување на проектот, како и мерките за спречување и за намалување на штетните влијанија. Министерството за животна средина и просторно планирање го објавува извештајот.

Врз основа на студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина, извештајот за соодветноста на студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина, јавната расправа и добиените мислења, Министерството за животна средина и просторно планирање, носи решение со коешто дава согласност или го одбива барањето за спроведување на проектот.

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.

Засегнатите правни или физички лица, како и здруженијата на граѓани формирани за заштита и за унапредување на животната средина имаат право на жалба против решението со кое се дава согласност или се одбива барањето за спроведување на проектот до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, во рок од 15 дена од денот на објавувањето на решението или во рок од 15 дена од денот кога дознале за донесување на решението доколку Министерството за животна средина и просторно планирање не постапувало во согласност со членовите од Законот за животната средина за објавување на ваквото решение.

Засегнатите правни или физички лица, како и здруженијата на граѓани формирани за заштита и за унапредување на животната средина имаат право, пред надлежниот суд, да поднесат барање за преземање привремена мерка забрана за спроведување на проектот во рок од 15 дена од денот кога дознале за донесување на дозволата, односно решението за спроведување на проектот .
Покрај она што до сега го спомнавме, Министерството за животна средина и просторно планирање е должено да ги објави:

решението со кое го известува инвеститорото за потребата од оцена на влијанието на проектот врз животната средина
дека студијата за оцена на влијанијата на проектот врз животната средина е подготвена и достапна за јавноста
извештајот за соодветноста на студијата за оцена на влијанијата на проектот врз животната средина
местото и времето на одржување на јавната расправа согласно Законот за животната средина
кратка содржина на мислењето за обемот на студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина

Министерството за животна средина и просторно планирање е должно да обезбеди одржување на јавна расправа по однос на студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина, најмалку пет работни дена пред истекувањето на рокот во кој Министерството треба да го подготви извештајот за соодветноста на студијата за оцена на влијанието врз животната средина. Дополнително Министерството треба да обезбеди достапност на информациите кои и се потребни на јавноста за учество во јавната расправа, односно да се објавени сите информации кои претходно наведовме дека Министерството мора јавно да ги објавува, како и да ги извести здруженијата на граѓани формирани за заштита и за унапредување на животната средина од подрачјето на кое се спроведува проектот.

Министерството за животна средина и просторно планирање води записник од јавната расправа во кој се наведуваат учесниците, како и заклучоците, а кон записникот се приложуваат стенографски белешки и аудио или видео запис од расправата.
Министерството за животна средина и просторно планирање е должно до повеќе органи, да достави примерок од записникот, заедно со прилозите, како и да го објави записникот на својата Интернет страница.

- Министерството за животна средина и просторно планирање, инвеститорот и лицата кои ја подготвувале студијата за оцена на влијанието на проектот врз

животната средина одговараат на прашањата поставени од јавноста во текот на јавната расправа.
- Доколку на јавната расправа не можат одредени прашања да се одговорат веднаш, Министерството за ивотна средина и просторно планирање одговорите на тие прашања ги доставува писмено до заинтересираните страни или ги објавува на интернет страната на Министерството.

Се надевам дека успеав да Ви помогнам и да Ви го доближам процесот на „Спроведување на постапка за Оцена на влијанието врз животната средина и учество на јавноста„. За подетлни информации разгледајте ги детално законските одредби.

Доколку сте еколошка граѓанска организација и сакате да се вклучите во креирањето политики на локално ниво, контактирајте го Македонското здружение на млади правници за да добиете дополнителни информации и поддршка преку Програмата за правна и менторска поддршка на еколошки граѓански организации.

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.